**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**

# Повик за пријавување на матуранти, студенти и дипломирани лица за јавни говорници на теми поврзани со Ромите, за јавен настан за одбележување на 8 Април – Меѓународниот ден на Ромите

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” во рамки на проектот **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“** објавува повик за пријавување на матуранти, студенти и дипломирани лица за јавни говорници на теми поврзани со Ромите, за јавен настан за одбележување на 8 Април – Меѓународниот ден на Ромите. Проектот е целосно поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд, Будимпешта.

## Опис на јавниот настан

ЗГ „РОМАВЕРЗИТАС“ за одбележување на 8 Април – Меѓународниот ден на Ромите ќе организира јавен настан со јавни говори на матурант, студенти и дипломирани Роми на теми кои ќе бидат поврзани со Ромите.

Темите на јавните говори, во согласност со афинитетите на селектираните јавни говорници, ќе ги опфатат: ромскиот идентитет, ромскиот јазик, ромската историја, култура и традиција, ромското/младинското движење/организирање, холокаустот на Ромите, наративот за Ромите и други теми кои се поврзани со Ромите.

## Работни задачи на јавните говорници:

-да учествуваат на групни работните средби со менторот и менаџментот на организацијата;
-да подготват јавен говор за одредена тема во соработка и согласност со менторот и менаџментот на организацијата;
-да учествуваат на индивидуални работни средби со менторот;
-да учествуваат на генералните проби;
-да одржат јавен говор на јавниот настан.

## Услови за пријавување

Заинтересираните кандидати за јавни говорници треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се редовни ученици во последна учебна година, доколку се матуранти;
- да се редовни студенти Роми на додипломски студии на државни или приватни универзитети во Република Македонија, доколку се студенти;
- да се дипломирани Роми, за лица со завршено високо образование.

## Документи за пријавување

Заинтересираните кандидати за јавни говорници треба да ги достават следниве документи:

- потврда за редовен ученик, доколку се матуранти;
- потврда за редовен студент, доколку студираат;
- скен од диплома за завршено високо образование, за лица со завршено високо образование;
- пишан јавен говор на една од темите кои се посочени во повикот, кој ќе содржи најмалку 500 зборови, во А4 формат, проред 1.5, големина на букви 11, фонт Calibri;
- листа на активности поврзани со јавни говори на кандидатот, која ќе содржи наслов на активностите, кратка содржина за секоја активност, временски период, место на имплементација и организатор на активностите. Оваа листа треба да биде испратена доколку кандидатот има претходно искуство со јавни говори, истата не е задолжителна.

## Начин и краен рок за пријавување

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата office@romaversitas.org.mk, најдоцна до 03 март 2017 година.

## Селекција на кандидатите

Селекцијата на подобните кандидати за јавни говорници ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во почеток на март 2017 година.

Критериуми при процесот на селекција се:

- исполнувањето на критериумите на повикот
- квалитетот на пишаниот јавен говор

**Напомена:** Кандидатите кои поседуваат искуство за јавно говорење ќе имаат предност во процесот на селекција.

Дополнителни информации за повикот за пријавување за јавни говорници можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје, на тел: 076/225-568, секој работен ден од 09.00 до 17.00 часот или на електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk

Ги очекуваме вашите апликации.

Со почит,
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”